# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА



МАКЕДОНСКО
ЕКОЛОШКО
ДРУШТВО

# Содржина


стр. 5 Поздравно обраќање

стр. 7 Лична карта на МЕД

стр. 9 Важни кратенки



1 ЗАШТИТА И РЕСТАВРАЦИЈА НА ПРИРОДАТА стр. 10/11

**стр. 12 1.1. Заштитени подрачја и еколошки коридори**

**стр. 16 1.2. Мониторинг и зачувување на видови и живеалишта**

стр. 17 Сè повеќе луѓе го знаат и го почитуваат рисот благодарение на работата на МЕД

стр. 18 Заштитата на Преспа – неисцрпен извор на прекугранични активности и соработки

стр. 20 Прекуграничната соработка – темел на заложбите за заштита на кафеавата мечка

стр. 21 Богатата биолошка разновидност на Дојранското Езеро – незаобиколен дел од нашите истражувања и едукативни активности

стр. 22 Врската меѓу птиците и водните живеалишта е највидлива преку зимското пребројување на птиците

стр. 23 За здрави пасишта се потребни локални заедници и одржливи традиционални практики

стр. 24 Нешто повеќе за загрозените птици, лилјаците, водоземците и влекачите

**стр. 26 1.3. Реставрација**

стр. 27 80 автохтони овошни стебла – дел од скапоценото природно и културно наследство во Малешево и на Беласица

стр. 29 Обновени 20 хектари букова шума во коридорот Буковиќ – резултат на партнерството меѓу граѓанскиот сектор, експертите и релевантните институции

стр. 30 Вардарските острови – нов дом за кревката популација на малата чигра

стр. 31 Влажни ливади, опожарени површини, реставрација со евлови шуми и зачувување на островот Голем Град



2 ЗНАЕЊЕ И НАУКА стр. 32/33

стр. 34 Фокус на националните еколошки истражувања и академскиот развој
стр. 34 Истражувачко друштво на студенти биолози (ИДСБ)
стр. 34 Македонско списание за екологија и животна средина
стр. 34 Ptici.mk – македонски пример за граѓанска наука
стр. 35 Програмата за млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“ донесе 10 нови истражувања на млади еколози



3 СОЦИО-ЕКОЛОШКИ СИСТЕМИ стр. 36/37

стр. 38 Поддршка на институциите и вклучување на локалните заедници
стр. 39 Заштитата на природата значи и справување со криминалот врз дивиот свет



4 ЕКОЛОШКА ЕДУКАЦИЈА стр. 40/41

стр. 42 Нашата „Мрежа за искуствено учење“ – потенцијал што се препознава и што расте
стр. 43 Едукацијата – составен дел од нашето работење
- стр. 43 Квалитетот на воздухот во фокусот на нова Програма за искуствено учење
- стр. 43 Шара и Програмата за закрепнување на балканскиот рис
- стр. 43 Едукативен камп за биодиверзитет на Дојранското Езеро
- стр. 44 Правилното пошумување и градењето еколошка свест кај децата – главни цели на новата соработка со ДМ Дрогерија
- стр. 45 Едукативни активности во прекуграничниот Преспански Регион




стр. 48 Актуелните состојби со загадувањето на животната средина – во фокусот на десеттата Јавна научна трибина




стр. 52 Со будењето на природата...
стр. 53 Лето во боите на Преспа
стр. 56 Поглед во светот на рисот
стр. 58 Учество на меѓународни и локални настани
стр. 61 Што друго ја одбележа годината?
стр. 63 Што беше најинтересно за публиката?







стр. 68 Национални соработници и партнери
стр. 68 Меѓународни соработници и партнери
стр. 69 Донатори




стр. 72 Финансиски извештај за период 01.01.2025 – 31.12.2025 г.

# Поздравно обраќање



**Робертина Брајаноска,**
Извршна директорка на
Македонското еколошко друштво

Осврнувајќи се на годината што измина, чувствувам гордост за постигнатото, но и длабока свесност за одговорноста што стои пред нас. Во МЕД, 2025 година не ја одбележаа само научни достигнувања и значајни активности за зачувување на природата, туку и процес на внатрешна трансформација. Засилено работевме на новиот Стратегиски план на МЕД, кој до 2030 година ќе го насочува нашето делување и ќе ја усогласи нашата работа со европските и со глобалните цели за биолошка разновидност.

Живееме во одлучувачка деценија за зачувување и обновување на природата. Губењето на биодиверзитетот, деградацијата на екосистемите и климатските промени повеќе не се предупредувања за иднината – тие веќе ги менуваат нашите предели, општества и економии. Затоа, во текот на 2025 година значителен дел од нашата енергија беше насочен кон обезбедување средства преку подготовка на апликации за европски фондови, особено за програмата „ЛАЈФ", и за приватни фондации, како и кон градење стратешки партнерства. На овој начин не обезбедуваме само финансиска поддршка, туку и основа за долгорочно влијание и посилно дејствување во следните години.

Особено охрабрува тоа што нашата работа сè почесто станува дел од пошироки регионални и прекугранични напори за заштита на природата. Повеќегодишните активности во прекуграничниот Преспански Регион, што ги спроведуваме со поддршка на ПОНТ и во соработка со „ПреспаНет" и управувачите на заштитените подрачја, минатата година беа дополнително унапредени преку програмата „ЕУ за Преспа", која очекуваме во следните три години да даде значителен придонес кон заштитата и одржливото управување со регионот.

Свесни дека цврстите партнерства се неопходни за зачувување и обновување на биолошката разновидност, во изминатите години изградивме силни партнерства низ Балканот и Европа, особено со партнерите на „Бирд-Лајф", „Еуронатур", како и со Меѓународниот сојуз за заштита на природата (ИУЦН). Соработката со бизнис-секторот, како што се „ЕВН Македонија" и „ДМ дрогерија", отвори нов аспект на заедничко делување за зачувување на природното наследство. И понатаму особено важна ни е соработката со институциите, поради што вложуваме многу за да опстојува нашата соработка и да носи заемни придобивки.

Истовремено, остануваме посветени на вложување во луѓето – младите истражувачи, студентите, локалните заедници, управувачите на заштитените подрачја и сите кои веруваат дека е можен поодржлив однос кон природата. Зачувувањето на природата не значи само заштита на видови и на живеалишта, туку и градење општество кое ја разбира својата зависност од природата и е подготвено да делува одговорно – тоа е инвестиција во иднината и во квалитетот на живот на идните генерации.

Изминатата година покажа дека дури и во време на неизвесност, вистински промени се можни кога знаењето, посветеноста и партнерствата се обединети околу заедничка визија. Им благодарам на сите вработени, членови, волонтери, донатори, институции, партнери и приватни фондации за нивната доверба, поддршка и истрајност во заедничката визија. Токму нивната поддршка ни овозможува не само да продолжиме со нашата работа туку и да размислуваме похрабро, да дејствуваме поодлучно и да гледаме кон иднината со оптимизам и решителност.

Годините што следуваат ќе бараат смелост, иновативност и истрајност. Но тие истовремено носат и единствена можност одново да го дефинираме начинот на кој ја вреднуваме и ја штитиме природата. Уверена сум дека сме подготвени активно да придонесеме кон таа трансформација.

# Лична карта на МЕД

Македонското еколошко друштво (МЕД) е здружение на граѓани кое активно работи и придонесува кон истражувањето и зачувувањето на природата и животната средина. Формирано во далечната 1972 година, МЕД до ден-денес останува единствената невладина организација во земјава со научно втемелени принципи и научен приод во работењето во областа на екологијата.

Својата мисија МЕД ја остварува преку научни истражувања, мерки за зачувување и обновување на видови и на живеалишта, искуствено учење, граѓанска вклученост и развој на партнерства на национално и на меѓународно ниво. МЕД работи и на јакнење на капацитетите преку обучување на своите членови, но и преку вклучување млад стручен кадар и други ентузијасти во научноистражувачката работа и во граѓанската наука, како и преку нивно доусовршување низ различни програми, обуки и студии во државата и надвор од неа. Пример за тоа е Програмата за млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“, востановена во 2009 година, по иницијатива на проф. Меловски, долгогодишен претседател на МЕД.

Од осамостојувањето на Македонија до денес, МЕД останува најзначаен организатор на научни еколошки собири во земјава. Еден од нив е Конгресот на еколози на Македонија, со меѓународно учество, којшто МЕД го организира од 1998 година. Исто така, издава научни и популарни изданија од областа на екологијата и заштитата на животната средина. Од 1992 година го објавува „Македонското списание за екологија и животна средина“, коешто од 2011 година има меѓународен карактер.

МЕД соработува со други организации и членува во бројни домашни и меѓународни здруженија и асоцијации, меѓу кои се и Меѓународната унија за зачувување на природата (ИУЦН), „BirdLife International“, Асоцијацијата на Европскиот зелен појас, Европската еколошка федерација, дел од прекуграничната мрежа „ПреспаНет“, националната „Платформа 27“ за животна средина и Коалицијата за клима. Беше и еден од иницијаторите за формирање на платформата „Пријатели на Шара“.



Подрачја на делување на МЕД во 2025 година

## Канцеларии на МЕД

| | |
|---|---|
| Канцеларија во Скопје<br>Ул. „Тодор Скаловски“ бр. 9а | (+389) 2 402 7773<br>078 371 175 |
| Канцеларија во Ресен<br>Ул. „Гоце Делчев“ бр. 1 | 075 201 908 |

## МЕД онлајн

- www.mes.org.mk
- https://prespa.mes.org.mk/mk/
- contact@mes.org.mk
- @mes.org.mk
- @macedonian.ecological.society
- Macedonian Ecological Society

## Повеќе за работата на МЕД:

- МЕД Конгрес
- Мрежа за искуствено учење
- Ptici.mk
- BalkanLynx.com
- ПреспаНЕТ

# Важни кратенки

| | |
|---|---|
| ЗП | Заштитен предел |
| ИУЦН | Меѓународна унија за зачувување на природата |
| ЈП | Јавно претпријатие |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| МИУ | Мрежа за искуствено учење |
| НП | Национален парк |
| ПНП | Повеќенаменско подрачје |
| ПП | Парк на природата |
| ППНЕА | Здружението за зачувување на природата во Албанија |
| РОАМ | Проценка на можностите за обнова |
| СП | Споменик на природата |
| СПП | Друштвото за заштита на Преспа од Грција |
| УНЕП | Програма на ООН за животна средина |
| УНДП | Програма на ООН за развој |
| ФЛР | Обнова на шумските предели |



# 1

# Заштита и реставрација на природата



*„Традиционалното знаење и интересот на мештаните се неопходни за зачувувањето на природата.“*

*Деспина Китанова,*
*Раководителка на програмата за заштитени подрачја*

# 1.1.
# Заштитени подрачја и еколошки коридори



# Ланската 2025 година ја одбележаа...

## Поддршка на управувачите со заштитените подрачја

Продолживме да им помагаме на НП „Галичица“, НП „Пелистер“, НП „Шар Планина“, ПНП „Јасен“ и ПП „Езерани“ во мониторингот на биодиверзитетот, со посебен фокус на следните видови: **тритони, влекачи, приоритетни птици** (сите водни птици, избрани важни видови и други заедници птици), **лилјаци, балканскиот рис, кафеавата мечка**. Така се збогати и се продлабочи знаењето за бројноста на овие видови, заканите со кои се соочуваат и потребните мерки за заштита.

На Осоговските Планини во фокус ни беа **тритоните и видрите, тресетиштата и рефугијалните и крајбрежните шумски заедници** од конзервациско значење. Мониторингот на тресетиштата продолжи и во Малешевијата. Успешно го завршивме **истражувањето на автохтоните овошни сорти** и идентификувавме околу 40 стебла, главно сорти јаболка, но и сливи и круши, што дава основа за управување со тамошниот пејзаж.

Имајќи ги предвид слабите институционални капацитети, продолживме да го поддржуваме Јавното претпријатие „Национални шуми“ како орган за управување со заштитениот предел „Осоговски Планини“, со подготовка на Годишната програма за работа и Годишниот извештај. Во согласност со нивните обврски утврдени со Законот за природа, овие документи треба да се доставаат за одобрување до Секторот за природа во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП).




Популациона анализа на македонскиот мраморец (©МЕД)



Цвет од диво јаболко (©МЕД)

## План за управување со Паркот на природата „Езерани“

Го започнавме процесот на **ажурирање на застарениот План за управување со Паркот на природата „Езерани“**, кој е дел од идната област „НАТУРА 2000“. Набавивме ресурси, склучивме договор со консултантска компанија и континуирано придонесуваме со податоци и со експертиза.

## Активно учество во новиот Стратегиски акциски план за Паркот „Преспа“

Како резултат на нашата **силна поддршка за функционален Прекуграничен Парк „Преспа“**, заедно со партнерите од мрежата „ПреспаНет“, ППНЕА и СПП, се вклучивме во **подготовката на новиот стратегиски план (2025 – 2030),** процес што го предводеше УНДП. Учествувавме во работилници и состаноци како дел од Управувачкиот комитет на Паркот „Преспа“ и прекуграничната мрежа „ПреспаНет“, давајќи коментари и предлози за зајакнување на научниот пристап и заштитата на биолошката разновидност.

## Посета на Рамсарскиот советодавен комитет во Република Северна Македонија

Во април, Рамсарскиот советодавен комитет ја посети нашата земја за да ја оцени еколошката и хидролошката состојба на Преспанското Езеро и да даде насоки за прекуграничното управување. Комитетот подготви извештај со **10 клучни препораки**, кон кои и ние **дадовме придонес**. Препораките се насочени кон консолидирање на податоците за мониторинг, поддршка на информирани одлуки, подготовка за идните климатски промени и зајакнување на прекуграничната соработка меѓу соседните држави и локалните чинители.



Посета на Рамсарскиот советодавен комитет на Општина Ресен (©МЕД)



Истражување коридори на Стогово (©МЕД)

## Истражувања во еколошки коридори

Интересот на мрежата „ПреспаНет" за поширокиот преспански контекст ни овозможи да спроведеме **основни фаунистички истражувања на планината Стогово**. Беше документирана богата мозаична структура на живеалишта, од кои најзначајни се алкалните мочуришта, кои одржуваат извонредна разновидност на балкански ендемски и ретки видови. На Стогово може да се забележат повеќе од половина од пеперутките на државата, значајни популации на водоземци и влекачи – вклучувајќи и новорегистрирани видови – како и богата птичја заедница со ретки високопланински видови, како што е снежната ѕвингалка. Резултатите даваат силна научна поддршка кон формалната заштита на регионот, според предложената декларација на Стогово за Парк на природата според Националниот просторен план. Извештајот заклучува дека воспоставувањето на Стогово како заштитена област во рамките на мрежата „Натура 2000" има суштинско значење за зачувување на нејзиниот еколошки интегритет и на нејзината критична улога како функционална пределна врска помеѓу Шарско-Корапскиот Масив и Охридско-Преспанскиот Регион.

## Изработка на Студија за валоризација на Јабланица

Нашето истражување за планината Јабланица беше во фокус за нејзино потенцијално прогласување на ново заштитено подрачје. Учествувавме во изработката на студијата за валоризација на Јабланица, во соработка со Друштвото за еколошки консалтинг ДЕКОНС-ЕМА, „Фармахем", експерти од Природно-математичкиот факултет – Скопје и Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, овој пат финансирана од МЖСПП. Во тек е нејзиното финализирање.



Јабланица (©МЕД)

# 1.2. Мониторинг и зачувување на видови и живеалишта



# Сè повеќе луѓе го знаат и го почитуваат рисот благодарение на работата на МЕД


Младенчето од рисицата Луна го потврдивме во близина на НП Маврово (©МЕД)

## Контекст

Балканскиот рис претставува загрозен подвид со помалку од 50 возрасни единки во природата. Најголемиот дел од неговата популација се наоѓа во западниот дел на државата. Губењето на неговите живеалишта поради нелегалната сеча и градењето инфраструктура, како и размножувањето во сродство, се меѓу најголемите закани за неговиот опстанок.

## Што работиме?

Од 2006 година ја спроведуваме прекуграничната „Програма за закрепнување на балканскиот рис“ – една од најдолгите програми за зачувување на животински видови на Балканот. Во последниот период, покрај МЕД, во нејзиното спроведување се вклучени и ППНЕА од Албанија, Здружението „ЕРА“ од Косово, „Еуронатур“ од Германија и „КОРА“ од Швајцарија.

## Активности:

- Истражувања и мониторинг (фотозамки, радиотелеметрија) во клучните подрачја на распространетост на балканскиот рис – ловиштата околу и помеѓу сите четири национални паркови, вклучително и мониторинг-сесија во важниот биокоридор Илинско-Плакенска Планина;
- Соработка со приватни ветеринарни клиники заради фаќање и кастрација на кучиња, со цел да се намали растечката конкуренција за пленот на рисот;
- Промоција на заштитарската работа од проектот преку учество на повеќе меѓународни конференции и собири (Патра, Атина, Јанина, Софија, Солун);
- Едукација на младите и на јавноста преку организирање работилници за деца и организирање патувачка фотоизложба посветена на балканскиот рис.

## Резултати:

- Утврдени нови подрачја со присуство на балканскиот рис на Илинска Планина;
- Заловена 15-та единка од балканскиот рис – Зора, и потврдивме младенче од рисицата Луна, во близина на НП „Маврово“;
- Вкупно 9 бездомни кучиња беа кастрирани на критични локации за балканскиот рис;
- Потпишан меморандуми за соработка со ловечките друштва „Елен“ (Кичево) и „Hunting Safari“ (Демир Хисар)
- Изработени протоколи за успивање на единки од балкански рис и за следење на нивната здравствена состојба;
- Поставена нова веб-страница посветена на балканскиот рис, на македонски, албански и англиски јазик: **https://www.balkanlynx.com/mk**
- Опфатени вкупно 576 деца од Шарпланинскиот Регион со едукативниот пакет за балканскиот рис (176 од македонска националност, 337 од албанска националност);
- Патувачката фотоизложба за балканскиот рис ја поставивме на 7 локации низ Македонија, вклучувајќи ги и националните паркови „Маврово“, „Јасен“, „Пелистер“, „Галичица“ и „Шар Планина“.

**Донатор:** Фондација „Ханс Вилсдорф“

# Заштитата на Преспа – неисцрпен извор на прекугранични активности и соработки

## Контекст

Преспанскиот Регион е исклучително значаен заради неговата биолошка разновидност и бројните заштитени подрачја, како што се Паркот на природата „Езерани“, националните паркови „Галичица“ и „Пелистер“ кај нас и Националниот парк „Преспа“ во Грција и во Албанија. Иако е прекуграничен регион што го делат три држави, сепак не постои интегриран пристап во мониторингот и заштитата на различни видови и живеалишта, ниту, пак, има доволно стручни капацитети во локалните институции за спроведување на вакви активности.

## Што работиме?

Заштитата и реставрацијата на Преспанскиот Регион се во фокусот на неколку тековни проекти чии активности се надополнуваат:

Преку **„ПреспаНет III – Зачувување на биолошката разновидност на прекугранична Преспа“** (2024 – 2027) ги зајакнуваме заштитата и одржливото управување со Преспа и со нејзините заштитени подрачја така што ги унапредуваме прекуграничната соработка, размената на информации и еколошката реставрација. Овој проект е финансиран од Фондот за природа „Преспа-Охрид“ (ПОНТ), Фондацијата „Јенсен“ и е поддржан од „Еуронатур“, а го спроведуваме во партнерство со СПП од Грција и ППНЕА од Република Албанија.

Во рамките на **„Иницијатива за зелена и сина Преспа – Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација“** (2025 – 2029) го унапредуваме управувањето со природните ресурси во Преспа преку активно вклучување на заедницата во истражување, едукација и заштита, со што придонесуваме и кон нивно долгорочно зачувување. Овој проект е финансиран од Европската Унија преку програмата „ЕУ за Преспа“, а е кофинансиран преку Фондот за природа „Преспа-Охрид“ (ПОНТ). Го спроведуваме заедно со Општина Ресен, НП „Галичица“, СПП од Грција и ППНЕА од Република Албанија.

Преку проектот **„Поттикнување на промени во однесувањето на граѓаните за подобрување на практиките за управување со отпад во Регионот Преспа“** ги подобруваме еколошката свест и однесувањето на локалната заедница за управувањето со отпад во Преспанскиот Регион. Проектот е финансиран од програмата „ЕУ за Преспа“ и е координиран од Институтот за комуникациски студии (ИКС).

## Активности:



Истражување на желки на островот Голем Град (©МЕД)



Броењето зимски птици, дел од редовниот мониторинг на Преспанското Езеро (©МЕД)

- Тековен интензивен мониторинг на цицачи, водоземци, влекачи и птици;
- Одржана еднонеделна прекугранична летна школа со практични активности за управување со влажни живеалишта, мониторинг на водни птици и мапирање на живеалишта со дронови и ГИС за студенти од Албанија, Грција и Македонија во грчката страна на Преспанскиот Басен;
- Спроведено пошумување со 1.500 садници од евла подигнати од локално семе претходната година, со помош од локалниот расадник „Преспадрво“;
- Спроведени интензивни еднонеделни летни и пролетни кампови за мониторинг и едукација, со цел проучување на влекачите на островите Голем Град во Македонија и Мал Град во Албанија, со меѓународни експерти и студенти;
- Одржани тркалезни маси со локалните ловџии и земјоделци заради собирање на нивните уникатни искуства во управувањето, а со тоа и во заштитата на регионот;
- Спроведени 170 интервјуа со локалното население на македонска Преспа (и тековни интервјуа во албанска Преспа) за нивното видување/вреднување на однапред дефинирани предели, со цел да се спојат двата аспекта во првото прекугранично холистично мапирање и вреднување на пределите на Преспа;
- „ПреспаНет“ ја презентираше својата работа на Меѓународниот конгрес за зоогеографија и екологија на Балканот, во Атина, со 7 постер-презентации и 2 усни излагања.

## Резултати:

- Изработена е првата прекугранична интерактивна база на податоци за биодиверзитетот на Преспа: **prespa.mes.org.mk**;
- 420 локални ученици и 20 наставници имаат повисока еколошка свест благодарение на интерактивните работилници и нашата друштвена игра „Преспа“, достапни на **https://presparazbudise.mk/**;
- Над 40 студенти од трите крајбрежни држави си ги развија истражувачките капацитети преку активностите за мониторинг и заштита во Преспа;
- 186 земјоделци од 28 преспански села се опфатени со истражувањето за употребата на ѓубрива – од нив, 142 земјоделци изјавиле дека користат ѓубрива;
- Искосени 70 хектари влажни ливади и собрани 60 тони сено, кои ги поделивме меѓу локалното население.

# Прекуграничната соработка – темел на заложбите за заштита на кафеавата мечка



Кафеава мечка сликана со фотозамка (©МЕД)

## Контекст

Популацијата на кафеава мечка во Македонија, која е дел од Динарско-пиндската популација, е категоризирана како ранлива според Црвената листа на ИУЦН. Тоа е последица на бројни закани како што се криволовот, деградацијата и фрагментацијата на живеалишта итн.

## Што работиме?

Во рамките на Прекуграничниот проект за зачувување на кафеавата мечка (2024 – 2026) работиме на промоција на заштитата и одржливото управување со кафеавата мечка во прекуграничниот регион помеѓу РС Македонија, Албанија и Грција. Ова предвидува зајакнување на партнерската соработка и поврзаноста на живеалиштата, развој на прекуграничен мониторинг-систем, ублажување на конфликтите меѓу мечката и луѓето, градење капацитети за борба против криминалот со диви животни и подигање на свеста кај локалното население, како и поттик за учество на релевантните чинители. Партнери во проектот се „Еуронатур“ (Германија), ППНЕА (Албанија), „Еко-свест“ (Република Северна Македонија) и „Калисто“ (Грција).

## Активности:

- Подготовка на акциски план за управување и заштита на кафеавата мечка;
- Спроведување пилот-истражување во прекуграничното подрачје НП „Пелистер“ – Парк „Преспа“, Грција;
- Извршено дронско снимање на 6 овоштарници на подрачјето на Галичица и Плакенска Планина;
- Зајакнување на локалните капацитети за успивање диви животни.

## Резултати:

- Обучени 10 ренџери за успивање диви животни;
- 18 релевантни чинители од Македонија, Грција, Албанија и Бугарија учествуваа на работилница во прекугранична Преспа за ревизија на Акцискиот план за кафеавата мечка;
- Поставени 8 фотозамки и добиени 13 фотографии од кафеава мечка.

**Донатор:** Фондација „Будаи“



Дел од тимот што работеше на ревизија на Акцискиот план за кафеавата мечка (©МЕД)

# Богатата биолошка разновидност на Дојранското Езеро – незаобиколен дел од нашите истражувања и едукативни активности

## Контекст

Дојранското Езеро е клучен влажен екосистем кој има голема вредност за миграциските птици. Иако податоците се основа за ефективно управување и донесување одлуки, на национално ниво не постои континуиран и сеопфатен мониторинг на водните птици, особено на гнездечките популации.

## Што работиме?

Од 2024 до 2027 година, преку проектот „Заштита и ревитализација на Медитеранските влажни зони: зајакнување на знаењето, заштитата и ревитализацијата на влажните зони во Јужен и Источен Медитеран (PROZHUM)", го подобруваме знаењето за биолошката разновидност на Дојранското Езеро и ги поддржуваме развојот и спроведувањето на одржливи практики за управување заради негова заштита. Истовремено, работиме на унапредување на свеста на локалната заедница и на нејзино вклучување преку образовни и комуникациски иницијативи.



Средношколци од Дојранскиот Регион го истражуваат околниот жив свет (©МЕД)



Ги учиме младите да ги препознаваат водоземците и влекачите на брегот на Дојранското Езеро (©МЕД)

## Активности:

- Околу 20 дена поминати во теренски истражувања на птици, влекачи, водоземци, вилински коњчиња, пеперутки, растенија и хабитати;
- Организиран четиридневен едукативен камп за средношколци на крајбрежјето на Дојранско Езеро;
- Менторска поддршка на локалната невладина организација „Полимат 13" во развивањето мал грант заради воспоставување локална акциска група за заштита на Дојранско Езеро;
- Учество во Научниот совет на управувачот на СП „Дојранско Езеро" – Општина Дојран, заради финализација на Планот за управување со Дојранското Езеро.

## Резултати:

- Развиени и унапредени вештини кај 50 средношколци од 5 средни училишта од 4 најблиски околни градови во Дојранскиот Регион, за препознавање водоземци, истражување цицачи и набљудување птици;
- Спроведена мала едукативна кампања на социјалните мрежи, составена од 10 објави со интересни факти за видовите птици специфични за Дојранското Езеро.

**Донатор:** Француската агенција за развој

# Врската меѓу птиците и водните живеалишта е највидлива преку зимското пребројување на птиците



Големиот нуркач *(Mergus merganser)*

## Контекст

Обезбедувањето на стандардизирани и споредливи податоци за водните птици е клучно за следење на состојбата на нивните популации, како и на состојбата со водните живеалишта. Овие податоци овозможуваат навремено препознавање на заканите, вклучително и на климатските промени и болестите, кои се основа за координирани мерки за заштита на водните птици долж нивните миграциски патишта низ Европа. На тој начин се придонесува и за ефективна имплементација на меѓународните договори, како што се Конвенцијата за заштита на водните живеалишта од меѓународна важност, особено за водните птици (Рамсарска конвенција) и Договорот за заштита на африканско-евроазиските миграциски водни птици.

## Што работиме?

Зимското пребројување на водните птици се случува како дел од Меѓународниот зимски цензус на водни птици, што е една од најголемите и најдолго спроведувани програми за граѓанска наука во светот. Се случува полни 60 години под водство на „Ветландс интернешнел". Зимското пребројување, кое редовно го спроведуваме секоја година од 2010 наваму, ни дава увид во бројноста на гнездечките популации, бројноста на зимските популации, нивните промени низ годините и нивната поврзаност со состојбата на водното живеалиште.

## Активности:

- Спроведено зимското пребројување на птици со учество на над 20 волонтери и соработници од ПП „Езерани", НП „Галичица", волонтери на МЕД и фотографи на птици;
- Спроведено пребројување на птици на 10 локалитети (трите природни езера, на вештачките акумулации „Младост", „Мантово", „Паљурци", „Вардарски Рид" и „Ѓол Богородица" и на неколку рибници).

## Резултати:

- Изброени се 10.233 единки од 18 вида на Преспанско Езеро, 26.704 единки од 20 вида на Охридско Езеро и 4.239 единки од 25 вида на Дојранско Езеро;
- Најбројни видови на овие три езера беа лиската, езерскиот галеб и цуцлестиот нуркач;
- На Преспанското Езеро се утврдени и 10-12 гнездечки пара на големиот нуркач (Mergus merganser), којшто е реликтна популација, и уште 14-16 пара на Охридското Езеро;
- Евидентиравме активен лов на патки на Дојранско Езеро, со помош на незаконски пластични мамки и аудиопомагала, кои се пријавени до соодветните инспекторати и до локалната полиција.

**Донатор:** Францускaта агенција за развој



Дојранското Езеро беше меѓу 10-те локалитети каде што пребројувавме птици (©МЕД)



Над 20 волонтери се вклучија во зимското пребројување птици (©Боби Кузмановски)



# За здрави пасишта се потребни локални заедници и одржливи традиционални практики

## Контекст

Во регионот Шара/Кораб – Коритник/Маврово, кој се протега помеѓу Македонија, Албанија и Косово, природата е формално заштитена, но пасиштата сѐ повеќе се напуштаат и пропаѓаат. Недостигот на одржливо сточарство и отсуството на локални заедници ја нарушуваат рамнотежата на овој чувствителен екосистем.

## Што работиме?

Заштитата на планинските пасишта со нивната флора, како дел од биодиверзитетот и културното наследство на регионот Шара/Кораб – Коритник/Маврово е во фокусот на проектот „Европски зелен појас: Здрави пасишта во прекуграничниот регион Шара/Кораб – Коритник/Маврово“ (2025 – 2028). Го спроведуваме заедно со ППНЕА (Албанија) и „Еуронатур“ (Германија), со цел да придонесеме кон зачувување на традиционалното сточарство и производство на храна, вклучувајќи ги лековитите и јадливите растенија, како и кон размена и учење меѓу локалните засегнати страни.

## Активности:

- Воспоставено формално партнерство меѓу МЕД и ЈУ Национален парк „Шар Планина“;
- Организирана манифестацијата „Ден на гравот“ во село Теарце, со учество на локални производители, сточари и жители од регионот;
- Иницирана изработка на анализа на состојбата со управувањето на пасиштата, преку прибирање и обработка на почетни податоци релевантни за идни одржливи мерки.

## Резултати:

- Зајакнати институционалната соработка и координацијата во управувањето со пасиштата;
- Над 150 посетители се информираа за проектните цели на манифестацијата „Ден на гравот“;
- Вклучени околу 20 претставници од локални заедници и релевантни институции во процесот на консултации поврзани со одржливо користење на природните ресурси;
- Поставена основа за развој на долгорочни практики за одржливо управување со пасиштата, со директен фокус на локалните сточари и управувачките структури на заштитеното подрачје.

**Донатор:** Фондација „Јенсен“ и Фондација „Елса Перети“



Денот на гравот беше одлична можност да ги информираме присутните за важноста на пасиштата (©CED)



# Во текот на 2025 година, во фокус ни беа и...

## Мршојадците

Мониторингот на овие фасцинантни птици покажа дека овдешната популација на белоглавиот мршојадец е во континуиран раст (19-20 гнездечки пара), а дека падот на популацијата на египетскиот мршојадец е стабилизиран. Подолго од осум месеци се грижевме за црн мршојадец кој прелетал од Бугарија, а тука беше пронајден во исцрпена состојба. Поради неусогласеност на националните ветеринарни процедури со барањата на ЕУ, не успеавме птицата легално да ја вратиме во Бугарија и повторно ја пуштивме во природа во декември 2025 година.



©МЕД

## Безбедните жици и загрозените птици

Царскиот орел и египетскиот мршојадец се глобално загрозени видови според ИУЦН, кои неретко страдаат од струјни удари и судири со надземните далекуводи. Токму затоа, во следните пет години, преку меѓународниот проект „Безбедни жици за загрозени птици“, ќе се работи на надградба и обезбедување на ризичните надземни далекуводи во Македонија, Бугарија и Турција. На македонска територија за првпат ќе спроведуваме вакви активности **во рамноправна соработка со ЕВН Македонија,** со цел изолација на над 3.000 опасни далекуводи и поставување на 1.000 дивертери на надземни далекуводи низ 4 важни подрачја за птиците и за биодиверзитетот во државата. Проектот е финансиран преку Програмата „ЛАЈФ“ на Европската Унија.



©МЕД

## Лилјаците

Како резултат на натамошниот мониторинг на лилјаците во 6 пештери во НП „Галичица“, **ја откривме најголемата тамошна зимска колонија на малиот потковичар** (*Rhinolophus hipposideros*). Во подрачјето на Преспа, пак, пронајдовме повеќе нови и значајни вештачки летни засолништа за лилјаци.

Учествувавме во **ревидирањето на Акцискиот план за лилјаци за прекуграничниот регион Преспа**, првично подготвен уште во 2012 година, кој ги сумира тековните знаења за лилјаците и ги дефинира мерките за заштита што треба да се спроведат во периодот 2025 – 2030.



©Александар Стојанов/МЕД





## Водоземците и влекачите

Водоземците ги истражувавме преку 4 тековни и 2 нововоспоставени програми, а влекачите беа предмет на интерес во дури 6 тековни програми.

Спроведовме **интензивни еднонеделни летни и пролетни кампови за мониторинг и едукација,** со цел проучување на влекачите на островите Голем Град (РС Македонија) и Мал Град (Албанија). Меѓу учесниците имаше меѓународни експерти и студенти.

Континуирано спроведуваме прецизен **мониторинг на популациите на опашести водоземци**, применувајќи го методот на обележување и резаловување (mark – recapture) заради следење на динамиката на единките. Преку оваа програма ги опфаќаме регионите на НП „Галичица“, каде што од 2020 година го следиме македонскиот мраморец (*Triturus macedonicus*), ЗП „Осоговски Планини“, каде што од 2022 година го следиме балканскиот мраморец (*Triturus ivanbureschi*) и Дојран, каде што од 2022 година ја истражуваме хибридната зона помеѓу овие два вида.



©МЕД



©МЕД

Благодарение на еден од студентските проекти поддржани од Програмата за поддршка на млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“, за првпат беше изработена **популациона анализа за македонскиот мраморец на планината Галичица**. Таму беше проширен опсегот на мониторинг преку вклучување дополнителни локалитети и теренски активности во текот на повеќе сезони. Мониторинг беше воспоставен и на планината Јабланица, каде што за првпат се следеа популациите на македонскиот мраморец и планинскиот мраморец.

# 1.3.
# Реставрација



# 80 автохтони овошни стебла – дел од скапоценото природно и културно наследство во Малешево и на Беласица



Теренско истражување и мапирање автохтони овошни сорти во Малешево и Беласица (©МЕД)

## Контекст

Малешево и Беласица се региони со долга традиција на овоштарство, познати по вековното развивање автохтони сорти и уникатната агробиоразновидност. Старите сорти на јаболка, круши и сливи се, од една страна, значаен генетски ресурс и дел од културното наследство на локалните заедници, а од друга страна, важни се за локалниот биодиверзитет, како дом, засолниште, но и како извор на храна за разни видови птици и животински видови, како што е мечката. Но поради напуштањето на насадите, интензивното земјоделство и користењето на дрвјата како огрев, ваквите овошни видови се загрозени.

## Што работиме?

Преку проектот „Заштита на локалните овошни сорти во Малешево и Беласица“ работевме на идентификување, мапирање, зачувување и промоција на овие сорти како вреден природен и економски ресурс. Земајќи ги предвид потенцијалот што ја носи нивната одржлива употреба за развојот на зелени локални економии, работевме и на подигање на свеста и знаењето кај локалните заедници, особено кај младите. Проектот го спроведувавме во партнерство со ЗГ „Амброзија“ (РС Македонија) и организацијата „Биоматера“ (Бугарија), со поддршка од „Еуронатур“ (Германија).









Туршијарката е дел од 80-те идентификувани и GPS-обележани автохтони овошни стебла (©МЕД)

Вака изгледа старо овошно стебло од автохтона сорта (©МЕД)

## Активности:

- Основно истражување и мапирање – спроведени теренски истражувања во Малешево и на Беласица со GPS-евиденција на над 80 стари овошни стебла од автохтони сорти (јаболка, круши и сливи);
- Анализа на засегнати страни – реализирани 23 анкети и консултации со локални овоштари, производители и институции за согледување на предизвици и можности за зачувување на сортите;
- Обучување и подигање на свеста – организирани обуки и едукативни активности за локални производители и 20-30 млади учесници за значењето и одржливото користење на автохтоните сорти;
- Пилот-активности за ревитализација – спроведени активности за идентификација, калемење и зачувување на репродуктивен материјал од избрани сорти со вклучување на локални експерти и овоштари.

## Резултати:

- Создадена е првата база на податоци и карта со над 80 идентификувани и GPS-обележани автохтони овошни стебла во Малешево и на Беласица;
- Воспоставена е прекугранична соработка меѓу експерти, институции и локални овоштари за зачувување на автохтоните сорти;
- Формирана е локална акциона група и обучени се локални жители за инвентаризација, препознавање на сорти и основни техники на калемење;
- Зголемени се свеста и интересот кај локалното население и кај младите преку работилници, теренски обуки и учество на локални настани и саеми;
- Промовирани се традиционални производи од автохтони сорти и нивниот потенцијал за развој на зелени работни места и локални бизниси.

**Донатор:** Европска Комисија (програма BESTbelt)

# Обновени 20 хектари букова шума во коридорот Буковиќ – резултат на партнерството меѓу граѓанскиот сектор, експертите и релевантните институции



Процес на прореда на шума (©Николчо Велковски)

## Контекст

Коридорот Буковиќ е значаен шумски и еколошки предел кој ги поврзува живеалиштата на дивиот свет и овозможува негово движење. Меѓутоа, илегалната сеча, пожарите и деградацијата ја нарушуваат неговата функција. Недостигот од систематски податоци го отежнува соодветното планирање мерки за заштита и реставрација.

## Што работиме?

Преку проектот „Иницијатива за северни шуми: Обнова на шумите во Република Северна Македонија и Албанија" (2023 – 2025) се создава основа за обновување и одржливо управување со овој клучен коридор. Го спроведуваме во соработка со ППНЕА (Албанија) и ИУЦН (Регионалната канцеларија за Источна Европа и Централна Азија).



Процес на пошумување на Буковиќ (©МЕД)

## Активности:

- Изработена е проценка на можностите за обнова (РОАМ) на шумските предели од страна на експертски тим, во тесна соработка со ЈП „Национални шуми" – подружница „Шар" Гостивар;
- Формирана е повеќесекторска консултативна група составена од претставници на ЈП „Национални шуми", ресорни министерства, шумарски експерти и проектен тим заради избирање на приоритетни локации за реставрација;
- Организиран завршен настан за промоција на проектните резултати во Бајрам Цури, Албанија;

## Резултати:

- Обновени 20 хектари букова шума – 10 хектари се пошумени со 21.000 садници од бука, а на други 10 хектари е извршено проредување како применета мерка од решенијата базирани врз природата;
- 79 локални чинители се обучени и вклучени во процесот за РОАМ и за обнова на шумските предели (ФЛР);
- 27 претставници од шумарскиот сектор се обучени за принципите на одржливо користење на шумите;
- 10 настани во рамки на проектот беа одржани со цел едукација и промоција на засегнати чинители;
- Околу 50 претставници беа вклучени во теренските активности за реставрација на Буковиќ.

**Донатор:** Фондација на Шведската поштенска лотарија

# Вардарските острови – нов дом за кревката популација на малата чигра



Чиграта (Sternula albifrons) е еден од најретките видови гнездечки птици (©МЕД)

## Контекст



Дел од процесот на мапирање на островите (©МЕД)

Малата чигра, позната и како мала рибарка (*Sternula albifrons*) е еден од најретките видови гнездечки птици, чија популација во Македонија се проценува на 6-8 пара. Бара мошне специфични услови за гнездење – потребни се острови без вегетација коишто се истовремено недостапни за грабливци како што се чакалите, лисиците и видрите. Ваквите места се многу ограничени кај нас. Со намалувањето на водостојот на реката Вардар, во неговиот јужен тек се појавуваат неколку острови каде што гнездат малите чигри, додека, пак, повеќето од постојаните острови се премногу обраснати за да можат да направат гнездо на нив. Како последица на тоа, состојбата со овдешните популации е нестабилна и непредвидлива, што е уште позагрижувачко ако се има предвид дека чиграта е закрилен вид. Со заштита и обновување на нејзините гнездилишта се штитат и други ретки и значајни видови птици, како што се речната чигра *(Sterna hirundo)* и речната тринга *(Actitis hypoleucos)*.

Чиграта се гнезди на острови без вегетација кои се недостапни за предатори (©МЕД)



## Што работиме?

Преку проектот „Вардарски острови – нов дом за малата чигра“ (2025 – 2026) работиме на обнова и адаптација на три острови во долниот тек на реката Вардар, на начин кој е погоден за гнездење на малите чигри.

### Активности:

- Следење и пребројување на популацијата на малата чигра;
- Мапирање на острови за реставрација;
- Чистење на три острови од инвазивна вегетација;
- Развој на информативен теренски прирачник за препознавање на видовите чигри во Македонија;
- Спроведена едукација на деца преку училишни предавања и теренска посета;
- Подигнување на јавната свест за значењето на малата чигра преку објави на социјалните мрежи.

### Резултати:

- Подобрени проценки на популацијата на малата чигра која сега брои 29 гнездечки пара;
- Направен е избор на 7 речни острови за натамошна реставрација и адаптација;
- Извршена е обнова на еден остров преку отстранување на инвазивна вегетација и собирање на кабаст отпад од островот;
- Утврдено е присуство на други ретки видови птици, како што е блатната ластовица *(Glareola pratincola)*.

**Донатор:** „ДМ дрогерија“

# Во текот на 2025 година, работевме и на...

## Управување со влажни ливади


Управување со влажните ливади преку косење (©МЕД)

Ја продолживме соработката со Општина Ресен, НП „Галичица“, мрежата на локални фармери, како и со локалните косачи. Како резултат на тоа, **беа искосени 18 хектари влажни ливади** во Езерани и беа собрани над 4.000 бали сено. Од нив, **1.500 бали му донираме на НП „Галичица“**, како поддршка за елените во неговиот Репродуктивен центар, а останатите им беа поделени на десетина сточари од регионот. Заедно со другите сточари, на Преспанското крајбрежје беа искосени вкупно 70 хектари влажни ливади, од кои се доби 60 тони сено.

Покрај придобивките што ги имаат за локалното население, овие косени зони, исто така, го попречуваат ширењето на пожари, а со отстранувањето на биомасата се намалува оптоварувањето на езерото со хранливи материи (еутрофикација) и се забавува неговото стареење.


Големината на штетата од пожарот во ПП „Езерани“ доловена преку дронски снимки (©МЕД)

## Анализа на опожарени површини

Во текот на јули, во неколку наврати се случија пожари во Паркот на природата „Езерани“. Најголемиот пожар, којшто се случи на 20-21 јули, уништи површина од околу 560 хектари во и надвор од заштитеното подрачје, сочинета главно од грмушки, трски и тревести живеалишта, но и високостеблеста вегетација. По пожарот, **направивме три дронски снимки** за да ги документираме последиците на опожарените површини и да ги следиме промените на регенерација на вегетацијата.

## Реставрација на евлови шуми

Во соработка со ЈП „Национални шуми“, Општина Ресен и локалното население, **засадивме 1.500 едногодишни евлови садници во Паркот на природата „Езерани“**.

Направивме и **проценка на инвазивните растителни видови** и дадовме предлог-мерки за нивно отстранување. Поточно, изработивме Студија за изводливост за отстранување на инвазивното лажно индиго *(Amorpha fruticosa)* во Преспа и спроведовме пилот-активности за негово отстранување по течението на Голема Река. Воедно, **ги обучивме вработените во ЈП „Национални шуми“** за штетното влијание на инвазивните видови и дадовме препорака за промена на плановите за производство на садници за пошумување.

## Зачувување на островот Голем Град

Преку лобирање и едукација, заедно со НП „Галичица“, обезбедивме средства за организирање две експертски работилници за **зачувување на грчката смрека** и за **зачувување на критично загрозената островска популација на Хермановата желка, народски позната како шумска желка**.



# 2

# Знаење и наука



*„Не оставајте само на експертите да одлучуваат за состојбата на животната средина. Секој од нас е дел и еднакво одговорен за неа.“*

*Сара Крстевска,*
*проектна координаторка*

## Фокус на националните еколошки истражувања и академскиот развој

Мониторингот и научните истражувања се застапени со активности во поголем дел од тековните проекти. Вработените во МЕД дадоа активен **придонес во повеќе меѓународни научни тела**, како што се Eurolynx и Групата на специјалисти за мачки при ИУЦН. Учествуваа во подготовка на научни трудови и објавија **6 труда во научни списанија со импакт-фактор**. Најмалку **7 вработени ги претставија постигнатите проектни резултати на научни конференции**, а тројца вработени продолжија да го надградуваат своето стручно знаење и започнаа со магистерски студии. Кон крајот на 2025 година ги започнавме и **подготовките за VII Меѓународен когрес на еколози**, планиран за октомври 2026 година, со што се зајакнува улогата на МЕД во обезбедувањето научно поткрепени основи за националните конзервациски политики.

## Истражувачко друштво на студенти биолози (ИДСБ)

Продолживме со **менторство на студентите од ИДСБ** – преку еднодневни теренски екскурзии и преку организацијата и спроведувањето на летната истражувачка експедиција, која се одржа во јули 2025 година, во НП „Галичица“.

## Македонско списание за екологија и животна средина

**Објавени се 12 нови труда** во Македонското списание за екологија и животна средина во текот на 2025 година. Меѓу авторите и соработниците во томовите 27-1 и 27-2 се и вработени во МЕД, во чиј фокус се кафеавата мечка, улогата на релативната важност на руралните предели за зачувување на европските диви мачки и влијанието на практиките за управување со планинските букови шуми врз формирањето на шумскиот екосистем.



2025 година ја заокруживме со речиси 30.000 записи за птици на мобилната апликација ptici.mk (©МЕД)

## Ptici.mk – македонски пример за граѓанска наука

Граѓанската наука претставува активно вклучување на волонтери во собирањето на научни податоци и во подобрување на знаењето за која било тема поврзана со животната средина или за кој било растителен или животински вид.

Граѓанската наука е вградена и во работењето на Македонското еколошко друштво. Централна е за проектот „Зајакнување на Европскиот портал за птици“, којшто го спроведуваме со финансиска поддршка од Програмата „Лајф“ на Европската Унија, заедно со партнерски организации од Албанија, Босна и Херцеговина, Србија, Косово, Црна Гора, Хрватска, Бугарија, Романија и Словенија, и со стручна поддршка од Централното биро за статистика на Холандија, Швајцарското орнитолошко друштво и Чешкото орнитолошко

друштво, а под водство на шпанскиот Центар за еколошки истражувања и примени во шумите (CREAF).

Користиме структурирани и стандардизирани протоколи за собирање податоци и унапредување на граѓанската наука, со што придонесуваме за поголема географска покриеност и подобрен квалитет на целокупните податоци за птици собрани во Југоисточна и Источна Европа. Ова е исклучително важно, бидејќи без континуирани и квалитетни податоци не може да се планира заштитата на природата, ниту соодветно да се управуваат значајните подрачја за птиците и миграциските патишта.

Во рамките на проектот го создадовме ptici.mk – **првиот национален портал со мобилна апликација за собирање податоци за птици**, којшто до крајот на 2025 година броеше речиси 30.000 записи!

Во текот на 2025 година **обучивме над 15 нови волонтери** за набљудување и препознавање птици и за користење на апликацијата ptici.mk, со што постепено **расте заедницата на посветени набљудувачи на птици** кај нас.

Во тек е консолидацијата на податоците од ptici.mk кон Европскиот портал за птици, каде што во живо ќе се евидентираат набљудувањата направени во Македонија. На овој начин, **набљудуваните птици во Македонија ќе станат „видливи“ преку Европскиот портал за птици**.



Дел од заедницата на посветени набљудувачи на птици (©МЕД)

## Програмата за млади еколози „Д-р Љупчо Меловски“ донесе 10 нови истражувања на млади еколози

Во текот на 2025 година **доделивме 7 мали и 3 средни грантови за млади истражувачи**, а се спроведуваа и истражувања поддржани со 5 средни грантови од 2024 година.

Во фокусот на **малите грантови** беа:

- еколошкиот приод за екстракција на биоактивни компоненти на кантарионот *(Hypericum perforatum)*;
- микронуклеус тест кај *Tradescantia* како показател на генотоксичниот потенцијал на загадувањето на воздухот во Скопје;
- утврдувањето на состојбата со индиректна контаминација со пестициди на дивата флора во Преспа;
- еколошките услови, статусот и значењето на видот *Pterocephalus perennis* за Јабланица;
- микробиолошката разновидност долж реката Вардар;
- антимикробниот потенцијал на лабораториски добиен хидродестилат од видови од родот *Lavandula*;
- врзување на органски јаглерод во Моноспитовско Блато според градиент на влажност и зачуваност.

А преку **средните грантови**:

- се откри нов ендемичен вид растение *Euphorbia glareosa* во Македонија;
- се направи анализа на дистрибуцијата и диверзитетот на биоактивните соединенија кај ендемични растителни видови од Прилепско-мариовскиот Регион;
- се продлабочија знаењата за биодиверзитетот на квасците кај различни видови жита, за нивната екологија и улогата во микробните екосистеми и
- се посочи потенцијалот на белиот млечен трн за фиторемедијација, т.е. за прочистување на почвите од тешки метали и азотни соединенија.



# 3 Социо-еколошки системи



*„Довербата и раното вклучување на институциите се клучни за успешна имплементација. Градењето партнерства и соработка меѓу НВО, експерти и релевантни институции трае, но е темел за долгорочно влијание.“*

*Наталија Меловска,*

*Раководителка на програмата „Луѓе и природа“*

# Поддршка на институциите и вклучување на локалните заедници



Глобална рамка за биодиверзитет

Во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, организацијата „Есса синерџи“ и УНЕП, се вклучивме во изработка на **брза проценка на националните цели за биодиверзитет и на рамката за мониторинг**, неопходна за процесот на ревизија на Националната стратегија и на Акцискиот план за биолошка разновидност, **заради усогласување со Глобалната рамка за биодиверзитет** според насоките на Конвенцијата за биолошка разновидност. Проектот е финансиран од ГЕФ, а координиран е од УНЕП.

Ефикасното зачувување на биолошката разновидност зависи и од интегрирањето на биодиверзитетот во работата на релевантните сектори и од степенот на спроведување на политиките. Токму затоа, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство **доставивме коментари за новиот Закон за шуми.**




Учествувавме во изготвувањето на **новиот Извештај во сенка за Поглавје 27 – Животна средина и климатски промени**, како дел од мрежата на граѓански организации „Платформа 27“, која ја сочинуваат и Центарот за климатски промени, „Milieukontakt Macedonia“, „Еко-свест“ и други. Извештајот дава сеопфатна анализа на степенот на усогласеност на македонското законодавство со европската правна рамка во областа на животната средина, разгледувајќи ги нивото на имплементација на реформските закони, расположливите административни капацитети и буџетската поддршка, како и клучните предизвици со кои се соочува процесот, при што нуди и конкретни препораки за поодржлив развој. На јавната трибина, што се одржа на 12 декември во „Јуроп хаус“ во Скопје, нашата извршна директорка, **м-р Робертина Брајаноска, подетално се осврна на заштитата на природата**, која е една од седумте клучни области во извештајот, заедно со квалитетот на воздухот, водите, управувањето со отпадот, индустриското загадување и управувањето со ризик, и климатските промени.

Стремејќи се да придонесуваме за омоќување на заедниците преку практики на одржливо користење на земјиштето, спроведовме **обука за двајца водичи во природа** (со фокус на набљудување птици) во Преспанскиот Регион, во соработка со Националната агенција за туризам.

Исто така, ги поддржавме кичевското Здружение за развој на с. Белица и мрежата на рурални заедници долж Беличка Река во еколошкиот коридор Илинско–Плакенска Планина, преку идентификација на приоритетни акции и подготовка на проектни апликации.

# Заштитата на природата значи и справување со криминалот врз дивиот свет

## Контекст

Незаконското труење е една од најголемите причини за смртта кај мршојадците. Иако кај нас се строго заштитени со закон, сепак нивниот опстанок е загрозен. Како последица на труењето, бројките на белоглавиот мршојадец и египетскиот мршојадец во Македонија се драстично намалени, а црниот и брадестиот мршојадец последен пат се видени како гнездат во 2005/2006 година.

## Што работиме?

Преку проектот „БалканДетокс ЛАЈФ“ (2020 – 2026) работиме на зајакнување на националните капацитети за борба против незаконското труење на диви животни. Под водство на Фондацијата за заштита на мршојадците (со седиште во Швајцарија), овој проект се спроведува во 7 држави – Македонско еколошко друштво, Албанското орнитолошко друштво, Здружението за заштита на природата во Албанија, хрватското Здружение „БИОМ“, Друштвото за заштита и истражување на птици на Србија, бугарското здружение Фонд за дива флора и фауна, Грчкото орнитолошко друштво и Орнитолошкото друштво „НАШЕ птице“ од Босна и Херцеговина.

## Активности:

- Ревидирање на Националниот акциски план за борба против труење диви животни во Република Северна Македонија, заедно со Секторот за природа при Министерството за животна средина и просторно планирање;
- По обуките за инспекторски служби и јавни обвинители во 2024 година, во текот на 2025 г. се работеше на натамошно зајакнување на институционалните капацитети за справување со криминалот врз дивиот свет;
- Тековен мониторинг на мршојадците на територијата на РС Македонија.

## Резултати:

- Објавен Прирачник за криминалистички истраги и инспекции во случаи на труење на диви животни (на македонски и на албански јазик);
- 18 претставници на институции од Република Северна Македонија, Албанија и Косово учествуваа на Студиска посета на Каталонското тело на рурални агенти;
- Организирани 2 работилници за криминал врз дивиот свет во рамките на Програмата за закрепнување на балканскиот рис;
- Финализиран Националниот акциски план за борба против труење на диви животни со активно учество на МЖСПП;
- Организирана тркалезна маса со ловции во Преспанскиот Регион, од која произлезе тековната анализа за обемот на практиките на криминал врз дивиот свет во регионот;
- Потврдени 20 гнездечки пара на белоглави мршојадци.

**Донатор:** Европска Унија, Програмата „ЛАЈФ“



Во студиска посета на Каталонското тело на рурални агенти (©МЕД)





# 4

# Еколошка едукација



*„Може да се научи од книга, но може да се разбере само низ искуство.“*

*Елена Минова,*
*проектна координаторка*

# Нашата „Мрежа за искуствено учење“ – потенцијал што се препознава и што расте

## Контекст

Наставата по природни науки во голема мера останува теоретска и недоволно поврзана со реалниот контекст. Учениците, особено во руралните средини, имаат ограничен пристап до практична настава и научни институции. Тоа резултира со намален интерес, слабо разбирање на еколошките предизвици и недоволна вклученост. Во 2022 година ја формиравме „Мрежата за искуствено учење“ (МИУ) за да придонесеме кон подобрени знаења и активна долгорочна грижа за животната средина преку искуствено учење и практична примена на наученото.

## Што работиме?

Во фокус на проектот „Проширување и одржливост на МИУ“ (2025 – 2027) е еднаквиот пристап до практично и интерактивно учење за сите деца. Предвидено е тоа да се постигне во партнерство со УНИЦЕФ, преку проширување на членството во „Мрежата за искуствено учење“, која беше формирана со 5 институции и организации, како и преку обезбедување нејзина долгорочна одржливост и зајакнување на инклузивноста како пристап. Едукативните содржини се прецизно усогласени со официјалните образовни програми на Бирото за развој на образованието (БРО) и на Министерството за образование и наука (МОН).

## Активности:

- Масовни едукативни активности во координација со Бирото за развој на образованието – онлајн, на терен, во рурални средини и преку природонаучни предизвици на национално ниво;
- Воспоставување акредитирана програма за обука на наставници за искуствено учење;
- Континуирана соработка со Бирото за развој на образованието;
- Изнаоѓање можности/модели за одржливост на „Мрежата“.

## Резултати:

- 5 нови партнерски организации се дел од МИУ;
- Реализирани работилници со вкупно 1.341 ученик од целата држава, од кои најголем дел се од руралните средини;
- Вклучени над 60 наставници по биологија и природни науки;
- Проширена годишната програма за искуствено учење одобрена од Бирото за развој на образованието;
- Образовните програми се приспособени и за деца со попреченост.

**Донатор:** Шведската меѓународна развојна агенција – СИДА


Знаењето најубаво се стекнува преку искуство (©МЕД)


Љубопитноста е неделива од љубовта за животната средина (©МЕД)


Една од бројните работилници со кои опфативме над 1300 деца од целата држава (©МЕД)

# Едукацијата – составен дел од нашето работење



Квалитетот на воздухот, дел од темите на МИУ (©МЕД)





## Квалитетот на воздухот во фокусот на новата Програма за искуствено учење

Вкупно 432 ученици од основното и од средното образование ги продлабочија знаењата за квалитетот на воздухот како важен аспект на животната средина и климатските промени, на 15 работилници што успешно ги реализиравме преку нашата „Мрежа за искуствено учење“, во соработка со стручните партнерски организации. Образовната програма за загадување на воздухот во нашата држава, којашто беше развиена во согласност со иницијативата на УНИЦЕФ, им овозможи на децата да бидат поблиску до природата и во различно окружување, да стекнат различни навики и да формираат поинакво чувство на одговорност за зачувување на животната средина.

## Шара и Програмата за закрепнување на балканскиот рис

Во рамките на оваа Програма, која во 2026 година ќе наврши 20 години, спроведовме едукативни активности со фокус на Шар Планина. Со нив опфативме 511 ученици од основните училишта во регионот, од кои 151 ученик од македонска, а 360 ученици од албанска етничка припадност.

## Едукативен камп за биодиверзитет на Дојранското Езеро

Овој четиридневен едукативен камп го посетија 30 ученици од средните училишта од Југоисточниот Регион, кои **од прва рака учеа, искусија, тестираа и предводеа бројни истражувачки активности**. Во текот на кампот, преку практично искуствено учење во природната средина на Дојранското Езеро, тие не само што научија зошто е важно да се



Четиридневен едукативен камп за биодиверзитет на Дојранско за ученици од ЈИ регион (©МЕД)

заштити биодиверзитетот туку и станаа желни наученото да им го пренесат на други.

Водени од принципот **„од мештаните за мештаните и природата“**, со години го поддржуваме спроведувањето на сличен проект што го води НВО „Полимат 13“. Неговата цел е да се воспостави Локална акциска група за заштита на природата, заради справување со еколошки предизвици и прашања поврзани со локалниот биодиверзитет во и околу Дојранското Езеро. На овој начин, придонесуваме за посилно вклучување на јавноста во заштитата на природата.



Практично искуствено учење во природната средина на Дојранското Езеро (©МЕД)

## Правилното пошумување и градењето еколошка свест кај децата – главни цели на новата соработка со „ДМ дрогерија“

Соработката со „ДМ дрогерија“ започна со активности за зазеленување на училишни дворови и со едукативни активности за правилно пошумување. Како дел од проектот „Зелена иднина: од градинка до училиште“ и кампањата „Пошумуваме заедно за позелено утре“, обезбедивме **стручна поддршка и насоки за изборот на соодветни дрвни видови**, како и прецизна проценка на подобноста на локациите за пошумување. Активно учествувавме и во **пошумувањето во околината на Штип**. Исто така, преку интензивни едукативни активности ги зајакнавме **знаењата на најмладите за незаменливото значење на дрвјата**, користејќи едукативни содржини приспособени за сите возрасти – од дечињата во градинките, па сè до учениците во четирите опфатени училишта. Таму обезбедивме и конкретна поддршка при изборот на садници за зазеленување на училишните дворови.



Правилно пошумување (ДМ дрогерија)



## Во прекуграничниот Преспански Регион:



Еду-активности во прекуграничниот Преспански Регион (©МЕД)

- Одржавме **еднонеделна прекугранична летна школа** со практични активности за управување со влажни живеалишта, за мониторинг на водни птици и за мапирање живеалишта со дронови и географско-информатички систем (ГИС) за студенти од Албанија, Грција и РС Македонија во грчката страна на Преспанскиот Басен;
- **Ја подигнавме еколошката свест** кај 273 локални ученици и 20 учители со помош на материјалот подготвен токму за Преспанскиот Регион (интерактивни работилници и нашата друштвена игра „Преспа“);
- Со **5 едукативни работилници** опфативме уште 129 ученици од основни училишта во Преспанскиот Регион, додека 20 деца и родители учествуваа на **семејната работилница** што ја организиравме на тема влијанието на отпадот врз екосистемите и биодиверзитетот во Преспа;
- Влијанието на отпадот врз природата беше инспирација и за **едукативното видео и интерактивните едукативни квизови**, кои се достапни на веб-страницата www.presparazbudise.mk. Преку подигање на свеста и знаењето кај учениците за влијанието на отпадот врз природата, живеалиштата и биодиверзитетот во Преспанскиот Регион, ги поттикнавме поодговорно да управуваат со отпадот, што вклучува негова селекција, рециклирање и грижа за природата.





# 5

# Животна средина и клима

*„Не ни треба совршен систем, туку одговорни одлуки – и од институциите и од секој од нас.“*

*Наталија Меловска,*
*Раководителка на програмата „Луѓе и природа“*



# Актуелните состојби со загадувањето на животната средина – во фокусот на десеттата Јавна научна трибина


(©МЕД)




Актуелните состојби со загадувањето на животната средина беа во фокусот на **десеттата Јавна научна трибина,** којашто ја организиравме на 18 декември 2025 година, во Кинотеката на Македонија во Скопје. Пред публиката се обратија проф. д-р Трајче Стафилов и проф. д-р Марина Стефова, обајцата од Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје, Сузана Андонова од Канцеларијата за перзистентни органски загадувачи при Министерството за животна средина и просторно планирање и проф. д-р Ивица Милевски од Институтот за географија при ПМФ.

Претставените научни излагања и податоци беа поврзани со **загадувањето на почвата, воздухот и водата**, при што неминовно беа посочени и сериозните недостатоци во системот за одлагање и управување со индустрискиот и комуналниот отпад и беа дадени препораки за ублажување и справување со последиците од загадувањето. Присутните членови на МЕД, студенти, ученици, родители и претставници на различни институции и граѓански организации, исто така, имаа можност да погледнат **краток документарен филм** кој на јасен и визуелно впечатлив начин го прикажа целиот процес на санација и чистење на малата депонија во поранешниот „ОХИС“.




(©МЕД)

Во рамките на дискусијата беше заклучено дека, за да се постигне суштинско подобрување на состојбата, **неопходно е да се зајакнат институционалните капацитети и стручниот кадар на надлежните инспекторати и институции**, особено на општинско ниво. Истовремено, беше истакната и **потребата од поголем и поконзистентен притисок од страна на јавноста,** која активно ќе бара од своите политички претставници прашањата поврзани со заштитата на животната средина да бидат третирани како приоритет и да се упатуваат на највисоко национално ниво.



# 6

# Комуникација со јавноста



„Не треба ништо да земаме здраво за готово. Секој треба да се побуни за нашата заедничка иднина. Слоганот ‘Мисли глобално, делувај локално’ никогаш не бил позначаен.“

Диме Меловски,
Раководител на Програмата
за диви видови



# Со будењето на природата...

Првиот дел од годината ја одбележаа низа позитивни настани: **лоцирањето на младата рисица Зора**, лансирањето на дигиталната **платформа за птичарење** **ptici.mk**, почетокот на **пошумувањето во пределот Буковиќ** кај Гостивар, како и **охрабрувачкиот раст на** популацијата на **загрозениот белоглав мршојадец** во Македонија.

Во средината на мај го организиравме **состанокот на Работната група за природа и клима** на меѓународната организација **BirdLife International за Европа и Централна Азија**. Работилниците и дискусиите во рамки на настанот се фокусираа на реални решенија – од финансирање за биодиверзитетот до климатска адаптација и стратешка комуникација. Додека политичкиот притисок, недостигот на средства за финансирање за заштита на природата и променливите наративи сè повеќе влијаат врз нашата работа, истражувавме како да градиме отпорност однатре и кон надвор – преку приспособување на начинот на кој се организираме, комуницираме и се застапуваме за птиците и нивните живеалишта, без разлика дали се наоѓаат во или надвор од заштитените подрачја.


МЕД лоцираше уште еден балкански рис, Зора, млада и здрава женка

Објавено на 15.04.2025 18:34



Лоцирањето на младата рисица Зора одекна во медиумите

Работна група за природа и клима на BirdLife International (©МЕД)





Лансирање на апликацијата птици.мк (©МЕД)

# Лето во боите на Преспа

## Започна „Иницијативата за зелена и сина Преспа“

По повод Светскиот ден на животната средина (5 јуни), во преспанското крајбрежно село Езерани официјално го претставивме новиот проект „Иницијатива за зелена и сина Преспа: Зајакнување на заштитата преку истражување, едукација и комуникација“, финансиран од Европската Унија во рамки на програмата „ЕУ за Преспа“. Меѓу присутните беа Амбасадорот на Европската Унија Н. Е. Михалис Рокас, постојаниот претставник на УНДП Армен Григоријан, градоначалникот на Општина Ресен Јован Тозиевски и извршната директорка на Македонско еколошко друштво м-р Робертина Брајаноска, заедно со претставници на повеќе јавни институции, невладини организации и локални жители.



©МЕД




## „Тур де Галичица“ се одржа по 12-ти пат

Македонското еколошко друштво беше **еден од главните спонзори на 12-то издание** на традиционалната велосипедска и планинарска тура „Тур де Галичица“, која ја организира локалниот велосипедско-планинарски клуб „Преспа бајк“ од Ресен. Настанот се одржа на 14-15 јуни во Националниот парк „Галичица“ и привлече **околу 150 љубители на природата** од целата држава.

Тур де Галичица - незаборавно искуство (©МЕД)

## Јавна тркалезна маса за управување со влажните ливади во ПП „Езерани“

На 19 јуни, во Ресен организиравме и јавна тркалезна маса посветена на управувањето со влажните ливади во Паркот на природата „Езерани“, што секоја година се реализира во соработка со Општина Ресен. Свое учество во дискусијата зедоа претставници на МЕД, Општина Ресен, Паркот на природата „Езерани“, НП „Галичица“, НП „Пелистер“, УНДП, ТППЕ Ресен, локални невладини организации, сточари, полјоделци и други засегнати страни.



Управување со влажни ливади (©МЕД)



МЕД: Енигматични ознаки на најстарите желки на Голем Град

Енигматични бројчани ознаки забележани кај густата популација на шумски желки

## Зголемен медиумски интерес за теренската работа на МЕД

Во текот на летото медиумите покажаа значителен интерес за нашата теренска работа во Преспанскиот Регион, вклучувајќи го **популациискиот мониторинг на еребицата-камењарка** (*Alectoris graeca*) во Националниот парк „Галичица“, како и на **змиите-рибарки** (*Natrix tessellata*) и **поскоците** (*Vipera ammodytes*) **на островите Голем Град и Мал Град**. Особено внимание предизвикаа **енигматичните бројчени ознаки** забележани кај густата популација на шумски желки (*Testudo hermanni*) на Голем Град, кои би можеле да помогнат во разјаснувањето на потеклото на овие копнени желки на островот.





Еребица-камењарка (©МЕД)

## Справувањето со катастрофите бара и континуирана комуникација

Летото ќе го памтиме и по големиот пожар што го зафати Паркот на природата „Езерани“, уништувајќи речиси половина од неговата копнена површина. По неколкудневна борба, огнот беше конечно изгаснат благодарение на несебичниот ангажман на екипите на Паркот на природата „Езерани“ при Општина Ресен, НП „Галичица“, НП „Пелистер“, Територијалната противпожарна единица во Ресен, ЈП „Национални шуми“, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Доброволното противпожарно и еколошко друштво „ЕКО-ФАП“ од Охрид, месното население на Езерани, Долно и Горно Перово, Волкодери, Покрвеник, Прељубје, Шурленци, Асамати и сите други.

Во текот на целата криза, Македонското еколошко друштво ги водеше комуникациите со јавноста и вршеше **континуиран медиумски притисок** за поддршка на теренските екипи и за ангажирање на дополнителни капацитети во гаснењето на пожарот – вклучувајќи ги и државните авиони за гасење пожар „ер трактор“. По стабилизирањето на ситуацијата, Македонското еколошко друштво работеше заедно со Општина Ресен во **проценка и анализа на настанатите штети** и нивно медиумско публикување. Целата ситуација беше проследена со 56 написи во македонските медиуми.



(©МЕД)

# Поглед во светот на рисот




Мурал од рисот на ѕидот на Театар „Комедија“

На **11 јуни – Меѓународниот ден на рисот**, го претставивме **новиот мурал** со ликот на балкански рис на објектот **на скопскиот Театар „Комедија“**, а во август, со настан во хотелот „Неда“ во Галичник, ја започнавме **патувачката изложба на фотографии** посветена на овој загрозен подвид. Со над 20-тина фотографии, најчесто добиени со методот на фотозамки, изложбата ја доловува величественоста на ова таинствено животно во неговото природно опкружување. Почнувајќи од срцето на Мијачијата, до крајот на 2025 година изложбата го продолжи своето патешествие низ цела Западна Македонија, со изложби во Националните паркови „Маврово“ и „Пелистер“, потоа во Охрид и Ресен во соработка со НП „Галичица“, па во Тетово, во соработка со НП „Шар Планина“, како и во заштитеното ПНП „Јасен“, во соработка со Планинскиот центар „Гризли“.







Изложбата беше повод за **Годишната средба на членовите на Македонското еколошко друштво**, којашто се случи во септември, во Инфо-центарот на НП „Пелистер“. Но беше поттик и за значајни средби со засегнати страни, па така, во пресрет на отворањето на изложбата во Ресен, во октомври одржавме **тркалезна маса** посветена на актуелните состојби, предизвиците и улогата на заедницата во **заштитата на рисот и другите крупни цицачи во Преспанскиот Регион**. Покрај претставниците на МЕД, на настанот учествуваа и претставници на управувачки тела, институции, заштитени подрачја, локални ловечки друштва, адвокатски канцеларии и други засегнати страни.

**Брошурата „Притаена дивост: Приказната за балканскиот рис“** ја изработивме во соработка со партнерите од Програмата за закрепнување на балканскиот рис. Содржи уникатни фотографии од единки на балканскиот рис и од теренската работа, како и кратки и релевантни текстови кои ја даваат пошироката слика за овој загрозен подвид. Освен на англиски, преведена е и на македонски и на албански јазик. Во декември „излезе“ првиот број од **е-информаторот за балканскиот рис**, за кој сите заинтересирани може да се пријават на https://www.balkanlynx.com/mk.




Во октомври, нашите „рисаџии“ беа дел од осмото издание на **Меѓународната платформа „EUROLYNX“** преку која се поврзува европската научна заедница што се занимава со истражување на рисот, со цел размена на нови сознанија и можности за идни соработки. На настанот учествуваа над 100 експерти за рисот од целиот континент, со 30 предавања и 8 постер-презентации.




EUROLYNX, Долина на Семоа, Белгија, 13-15.10.2025 г. »



Мурал на рисот
во Гостивар (©МЕД)

# Учество на меѓународни и локални настани



Светски конгрес, ИУЦН, Абу Даби (©МЕД)

Македонското еколошко друштво учествуваше на **Светскиот конгрес на Меѓународната унија за зачувување на природата (ИУЦН),** кој се одржа од 9 до 15 октомври во Абу Даби, Обединетите Арапски Емирати. Конгресот собра над 10.000 учесници, вклучувајќи носители на одлуки, претставници на граѓанскиот сектор, организации на домородните народи, научната јавноста и бизнис-заедницата, сè со цел да ја унапредат и утврдат глобалната агенда за поздрава и поодржлива планета во годините што следуваат. На настанот присуствуваа нашата извршна директорка м-р Робертина Брајаноска и раководителката на програмата за управување со заштитени подрачја, м-р Деспина Китанова. Притоа, Брајаноска беше панелист во регионалната дискусија „Од концепт до пракса: Имплеметирање на решенија засновани врз природата во Западен Балкан“.




Светски конгрес на биосферни резервати Хангжу, 22-26.9.2025 г. (©МЕД)

Во септември, нашата м-р Даниела Заец го претставуваше Македонското еколошко друштво на **Петтиот светски конгрес на биосферни резервати** во Хангжу, Народна Република Кина. На секои десет години, Светската мрежа на биосферни резервати се состанува за да ги утврди приоритетите, да ја зацврсти соработката и да дефинира Глобален акциски план за иднината. Оваа година над 2.000 учесници, вклучувајќи научници, креатори на политики, претприемачи и еколози, се состанаа за да ја обликуваат иднината на повеќе од 750 биосферни резервати под заштита на Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите нации (УНЕСКО), во 136 земји во светот.




Прекуграничен речен форум, Јанина-Коница, 24-27.09.2025 г. (©МЕД)

По повод Светскиот ден на реките (28 септември), Брајаноска и Китанова учествуваа и на **Прекуграничниот речен форум** во Јанина и Коница во Република Грција, кој го организираше Медитеранскиот институт за природата и човекот. Брајаноска говореше на панел-дискусијата **„Од Преспа до денес: 25 години по првата прекугранична балканска иницијатива – каде сме сега?“**, истакнувајќи го долгогодишното искуство на Македонското еколошко друштво и нашите партнерски организации во рамките на мрежата „ПреспаНет“ за заштита на природата во прекуграничниот Преспански Регион.






(©ЕХО)






Долгогодишната соработка со **Фестивалот на планински филм „ЕХО“** годинава ни ја донесе можноста да организираме работилници и предавања за закрепнувањето на балканскиот рис, екосистемските услуги и новиот портал за птици ptici.mk, коишто наидоа на голема заинтересираност и посетеност. Исто така, традиционално бевме дел и од жири-комисијата, што ни овозможи да погледнеме одлични филмски наслови и да бидеме дел од инспиративни дискусии.

**Завршниот настан на проектот „Иницијатива за северни шуми – Обнова на шумите во Албанија и Република Северна Македонија“** се случи на почетокот на ноември во Албанија, во присуство на над 40 засегнати страни, вклучувајќи владини претставници, локални власти, проектни партнери и експерти за заштита на природата. *„И покрај предизвиците со институционалниот капацитет, проектот постави силен пример за решенија засновани врз природата и нуди модел што може да се повтори за обновување на шумите и за соработка во заштита на крупните sверови низ регионот на Западен Балкан“*, изјави Робертина Брајаноска, извршна директорка на МЕД, алудирајќи на одличните резултати постигнати со обновата на шумските предели Буковиќ во Македонија и Паштрик-Морина во Албанија, како витални еколошки коридори за балканскиот рис.



Иницијативата за северни шуми - силен пример за решенија засновани врз природата (©МЕД)

На свечената церемонија **по повод 100-годишнината од основањето на Планинарскиот клуб „Љуботен“ од Тетово, Македонското еколошко друштво доби признание за трајни вредности**, кое во името на Друштвото го прими нашиот претседател, проф. д-р Славчо Христовски. Притоа, беше доделено и постхумното признание на нашиот долгогодишен претседател, проф. д-р Љупчо Меловски, кое го подигна д-р Диме Меловски од МЕД.






# Што друго ја одбележа годината?



МЕД СПРОВЕДЕ ЗИМСКИ МОНИТОРИНГ ВО ПЕШТЕРАТА САМОТСКА ДУПКА

**УТВРДЕНА НАЈГОЛЕМАТА ХИБЕРНАЦИСКА КОЛОНИЈА ЛИЛЈАЦИ ОД ВИДОТ МАЛ ПОТКОВИЧАР ВО ПРЕСПА**

Тим на Македонското еколошко друштво (МЕД), во соработка со Националниот парк „Галичица“, ја посетил пештерата Самотска Дупка на Галичица, каде што било спроведено зимско следење на лилјаците. Притоа била утврдена досега најголемата хибернациска колонија на видот мал потковичар (Rhinolophus hipposideros) во Преспанскиот Регион, со околу 90 единки. Истовремено, во пештерата биле изброени и повеќе единки од видовите голем потковичар (Rhinolophus ferrumequinum) и острoушест лилјак (Myotis blythii).

Од МЕД информираат дека во Европа постојат ... видa лилјаци, од кои 30 се присутни ...

... загрозените групи животни и дека најголемите закани се предизвикани од човечките активности како што се сечењето на шумите, сушењето на водните површини, прекумерната употреба на пестициди, нарушувањето на нивните живеалишта и ловот.

– Меѓутоа, лилјаците воопшто не претставуваат опасност за луѓето, напротив, играат важна улога како природни регулатори на инсектите. Без нив, популацијата на штетни инсекти може значително да се зголеми, што доведува до штети на земјоделските култури, шумите и дури до можен пренос на несакани болести – тврдат од МЕД.

Набљудувањето на лилјаците во Преспа се спроведува како дел од „Проект Преспа НЕТ III – зачувување на биолошката разновидност ... Преспа“, поддржан од ...

Откриена најголемата хибернациска колонија на лилјаци во Преспа

Продолживме со нашите континуирани теренски активности, меѓу кои беше и **редовниот мониторинг на дивокози на Галичица, Јабланица и Јасен**, а особено внимание кај јавноста привлече откривањето на **најголемата хибернациска колонија на лилјаци од видот мал потковичар во Преспа**.




Меморијален марш во чест на Љупчо Меловски (©МЕД)




По петти пат се случи **Меморијалниот марш „До Китка во сеќавање на Љупчо Меловски“**, во чест и сеќавање на човекот кој целиот свој живот го посвети на заштитата на природата и кој повеќе години беше претседател на МЕД. Традиционално го организираме од 2021 година, а минатогодишниот беше во соработка со ПК „Љуботен“ – Тетово. Во 2025 година за првпат распишавме фотоконкурс на тема диви пролетни растенија, на кој можеа да учествуваат сите кои беа присутни на меморијалниот марш на Китка.




Распишавме и **фотоконкурс посветен на кањоните и клисурите**, покануvajќи ентузијасти и професионални фотографи да ја доловат живописната убавина и еколошката важност на овие живеалишта и на видовите кои таму живеат и виреат. Традиционално, избравме 12 фотографии кои станаа дел од **календарот на МЕД за 2026 година**.

Првата сабота во септември е резервирана за Светскиот ден на мршојадецот (©МЕД)



На 6 септември го одбележавме **Светскиот ден на мршојадецот** во скопската Зоолошка градина. Преку друштвени игри и низ забава, извидници од Првиот скопски извиднички одред научија за патешествието на египетскиот мршојадец.

Кон крајот на септември **ја промовиравме едукативната „Патека на Петко“**, која ја обновивме заедно со локалната канцеларија на „Фармахем“ во Пехчево и Образовниот центар во Негрево. Оваа позната и често посетувана патека, инспирирана од белогрбиот клукајдрвец, беше оштетена од шумските пожари што го зафатија Малешевскиот Регион во 2024 и 2025 година. Реконструкцијата беше завршена со препечатени 15 дизајнирани информативни табли и дрвени конструкции вкоренети во земја, во соработка со локалното население. Работата следуваше по подготвената проценка на штетите и по чистењето на изгорената површина од страна на ЈП „Национални шуми“ и релевантни експерти.

# Што беше најинтересно за публиката?

Во текот на 2025 година, проектните активности, теренската работа и јавниот ангажман на Македонското еколошко друштво беа пренесени во **над 260 медиумски објави** од македонското говорно подрачје.

Уште еден клучен канал преку кој јавноста дознава за нашата работа се социјалните мрежи. Во текот на минатата година, нашите објави на „Фејсбук“ достигнале вкупно 2.399.359 прегледи и 42.252 интеракции, што претставува раст од 90,6 % во споредба со претходната година. А бројот на нашите следбеници пораснал за 1.768 кориснички профили, што претставува раст од 42 %! На „Инстаграм“, пак, нашите објави достигнале до 239.421 уникатни кориснички профили, што претставува раст од 382,6 % во споредба со претходната година.

## 2025 vs 2024

- **Раст од 90,6 %** во бројот на интеракции со публиката на платформата **Фејсбук**
- **Раст од 42 %** во трендот на нови заследувања на **Фејсбук**
- **Раст од 382,6 %** во досегот до публиката на платформата **Инстаграм**

Најголемо внимание кај публиката во 2025 година предизвикаа:

- **Енигматичните ознаки на желките од островот Голем Град во Преспанското Езеро**: фотогалеријата на оваа тема ја виделе 116.090 корисници на „Фејсбук“ и „Инстаграм“, а видеоинсертот посветен на означените островски желки, извлечен од гостувањето на нашиот херпетолог д-р Драган Арсовски во утринската програма „Здраво, Македонијо“ на „Канал 5 Телевизија“, има речиси 95.000 прегледи.
- Објавата за **Деновите на Европскиот зелен појас** достигна вкупно 133.130 прегледи на социјалните мрежи, додека, пак, иницијалната објава која ја извести јавноста за **опасниот пожар во Паркот на природата „Езерани“** достигна 125.645 прегледи. Видеото кое ги претстави последиците од пожарот доби 83.534 прегледи.
- **Теренската снимка од рисицата Зора** беше видена над 56.680 пати, а **младенчето на рисицата Луна** – 25.210 пати. Една од објавите посветени на **муралот со балкански рис** на Театар „Комедија“ во Скопје доби 42.206 прегледи, а поетичната најава на првата изложба со фотографии од балканскиот рис во Галичник забележа 41.656 прегледи.
- **Реставрациските активности во Осогово**, за коишто имавме заедничка објава со *Birdlife International* и *BirdLife Europe & Central Asia*, има вкупно 50.315 прегледи.

7



# Организациски развој на МЕД

Минатата година во фокусот ни беше изработката на новиот Стратегиски план, кој ги поставува насоките и приоритетите на МЕД до 2030 година. Тој се темели врз искуството и постигнувањата на организацијата, но истовремено претставува одговор на новите еколошки предизвици со кои се соочува регионот. Стратегијата е усогласена со глобалните цели за биолошка разновидност, како и со визијата на меѓународната конзервациска заедница, вклучително и мрежата на „BirdLife International“ и ИУЦН.

Исто така, минатата година вложивме доста во надополнување на внатрешните политики на МЕД: надградување на финансиската база, управување со човечки ресурси, анализа на потребите за обуки, подобрување на комуникациските активности, набавка на потребна опрема, како и проширување на тимот на МЕД. Овие активности беа овозможени преку нерестриктивните грантови од фондациите „Сигрид Раусинг“ и „Ханс Вилсдорф“, за што сме неизмерно благодарни.





# 8

# Соработници, партнери и донатори



## Национални соработници и партнери

## Меѓународни соработници и партнери

# Донатори

PONT | PRESPA OHRID NATURE TRUST

Life

Sweden Sverige

unicef for every child

AFD AGENCE FRANÇAISE DE DÉVELOPPEMENT

AAGE V. JENSEN CHARITY FOUNDATION

gef

fondazione CAPELLINO

UN environment programme

IUCN

SVENSKA POSTKODLOTTERIETS STIFTELSE

Sida

dm

MAVA FONDATION POUR LA NATURE

Umwelt Bundesamt

WFN





# 9

# Финансии



# Финансиски извештај за период 01.01.2025 – 31.12.2025 г.

| | |
|---|---|
| **Почетна состојба на 01.01.2025 година** | **33.712.453,00 ден.** |

## ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| А) Приходи од донации | 652.051,00ден. |
| Б) Приходи од позитивни курсни разлики | 3.796,00ден. |
| В) Приходи од проектни грантови | 81.200.072,00ден. |
| Г) Приходи од надомест | 12.952,00ден. |
| Д) Приходи од членарини | 33.377,00ден. |
| Ѓ) Приходи од консултантски услуги, сопствена дејност | 527.300,00ден. |
| Е) Приходи од наплатени штети по основ на осигурување | 129.370,00ден. |
| Вкупни приходи за период 01.01.-31.12.2025: | **82.558.918,00 ден.** |
| **Вкупно средства за располагање** | **116.271.371,00 ден.** |

## ТРОШОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Плати за вработени | 28.169.589,00 ден. |
| 2 | Помошен материјал за проектни активности | 2.129.985,00 ден. |
| 3 | Канцелариски материјали и материјали за хигиена и за дезинфекција | 920.578,00 ден. |
| 4 | Патни трошоци | 2.159.826,00 ден. |
| 5 | Трошоци за комуникациски услуги | 84.264,00 ден. |
| 6 | Трошоци за исплатени хонорари врз основа на договори | 7.665.935,00 ден. |
| 7 | Дневници и данок за дневници, надомест за користење сопствено возило | 1.169.799,00 ден. |
| 8 | Трошоци за кирија и режиски трошоци | 799.725,00 ден. |
| 9 | Банкарски провизии | 220.487,00 ден. |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Негативни курсни разлики | 359.839,00 ден. |
| 11 | Останати трошоци (сметководствени, правни, ревизорски, нотарски, дизајнерски услуги, други интелектуални услуги и др.) | 3.592.712,00 ден. |
| 12 | Трошоци за осигурување на лица, имот, опрема и возила | 264.838,00 ден. |
| 13 | Одржување на возила, компјутерска опрема и канцеларии | 557.926,00 ден. |
| 14 | Трошоци за хотелски услуги и освежување | 3.484.847,00 ден. |
| 15 | Трошоци за реклама, репрезенатција и освежување | 415.690,00 ден. |
| 16 | Трошоци за продукција на информативни и едукативни материјали | 993.568,00 ден. |
| 17 | Субгрантирање по основ на договори | 10.712.253,00 ден. |
| 18 | Трошоци за котизации и членарини | 199.914,00 ден. |
| 19 | Набавка на основни средства, вклучително и тековни инвестиции | 2.029.345,00 ден. |
| 20 | Трошоци за ревизија | 72.570,00 ден. |
| 21 | Донации на физички и правни лица, здруженија и сл. | 325.000,00 ден. |
| 22 | Трошоци за стручно образование, семинари, обуки | 220.433,00 ден. |
| 23 | Трошоци за извршени услуги за спроведени истражувања и реализација, анализи за подготовка на извештаи и сл. | 2.314.682,00 ден. |
| 24 | Останати расходи | 98.634,00 ден. |
| | **Вкупни трошоци:** | **68.962.439,00 ден.** |
| | **Крајна состојба на 31.12.2025** | **47.308.932,00 ден.** |

Овие средства ќе бидат употребени во текот на 2026 година за имплементација на проектните активности.




Издание на:
**Македонско еколошко друштво**

Уредничка:
**Робертина Брајаноска**

Уредувачки тим:
**Андријана Папиќ Манчева, Игор Ефтимовски, Ангела Здравковска**

Лектура:
**Виолета Танчева-Златева**

Графички дизајн:
**Марија Смилевска**

Место и година на издавање:
**Скопје, 2026 година**


МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

mes.org.mk